**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ™ кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** [www.kzk.gov.mk](http://www.kzk.gov.mk) e-mail: [kzk@kzk.gov.mk](mailto:kzk@kzk.gov.mk)

Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно член 28 став (3), а во врска со член 12 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија “ бр 145/10 и 136/11) на седница одржана на ден 29.03.2012 година ги донесе следните

# Насоки на Комисијата за заштита на конкуренцијата за поимот - концентрација

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ™ кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

СОДРЖИНА

А. ВОВЕД ....................................................................................................4

Б. ПОИМ ЗА КОНЦЕНТРАЦИЈА.........................................................................4

I. Спојувања помеѓу претходно независни претпријатија................................4

II. Стекнување на контрола...................................................................................5

1. Концепт на контрола.........................................................................................5

1.1 Лице или претпријатие што стекнува контрола.............................................5

1.2 Средства за контрола.........................................................................................7

1.3 Предмет на контрола..........................................................................................9

1.4 Трајни промени во контролата ........................................................................10

1.5 Взаемно поврзани трансакции..........................................................................12

1.5.1 Поврзаност на член 12 и член 16 став (2) од Законот ................................12

1.5.2 Независни трансакции согласно член 12 од Законот ............................. 13

1.5.3 Серија на трансакции во хартии од вредност ............................................16

1.5.4 Член 16 став (5) од Законот ..........................................................................16

1.6 Внатрешно преструктуирање............................................................................17

1.7 Концентрации кои вклучуваат претпријатија во државна сопственост ..........................................................................................................................17

2. Единствена контрола...........................................................................................17

3. Заедничка контрола.............................................................................................19

3.1 Еднаквост во правата на глас или именување во рамките на телата за донесување одлуки ........................................................................................20

3.2. Право на вето.......................................................................................................20

3.3 Заедничко остварување на правата за глас ...................................................22

3.4 Други работи поврзани со заедничката контрола .......................................24

III. Промена во квалитетот.на контрола ..........................................................25

1. Влез на акционери/содружници со контролен удел ..................................26

2. Намалување на бројот на акционери/содружници ...................................27

IV. Заедничко вложување – концептот за целосна функционалност ............27

1. Доволни ресурси за независно работење на пазарот.............................. 28

**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ™ кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

2. Активности надвор од специфичната функција на владеачките (матичните) претпријатија.....................................................................................................29

3. Купопродажни односи со владеачките (матичните) претпријатија ........30

4. Одржливо работење (работење на долгорочна основа ...........................32

5. Промени во активностите на заедничкото вложување ..............................33

V. Исклучоци.................................................................................................34

VI. Напуштање на концентрациите......................................................................36

VII. Промена во трансакциите откако Комисијата донела решение дека концентрацијата е во согласност со Законот ......................................................37

**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ™ кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

## А. ВОВЕД

(1) Целта на овие насоки е да се обезбедат насоки во врска со прашањата кога настанува концентрција согласно член 12 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10 и 136/11)(во понатамошниот текст: Закон), чија оценка е во рамките на надлежностите на Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија).

(2) Глава трета од Законот – концентрации- се применува само за активности кои исполнуваат два услови. Прво, мора да постои концентрација помеѓу две или повеќе претпријатија во смисла на член 12 од Законот и второ, учесниците во концентрацијата мора да ги исполнуваат праговите во поглед на приходите, односно пазарните удели утврдени во член 14 став (1) од Законот

(3) Во овие насоки поблиску се определува поимот концентрација (вклучувајќи ги и специфичните барања за заедничкото вложување –joint venture- за да може истото да се смета за концентрација).

(4) Комисијата ја утврдува нејзината надлежност во однос на пријавените концентрации во решение донесено согласно Законот.

## Б. ПОИМ НА КОНЦЕНТРАЦИЈА

(5) Согласно член 12 став (1) од Законот концентрацијата настанува со промена на контрола на долгорочна основа. Имено концептот на концентрација покрива активности кои водат до трајна промена во структурата на пазарот. Бидејќи критериумот во член 12 од Законот се базира на концептот на контрола, постоењето на концентрација, во голема мера, се утврдува повеќе со квалитативни отколку со квантитативни критериуми.

(6) Член 12 став (1) од Законот дефинира две категории на концентрации:

— концентрации кои произлегуваат со спојување на претходно независни претпријатија (точка 1));

— концентрации кои произлегуваат од стекнување на контрола (точка 2)).

Овие два вида на концентрации соодветно се опфатени во Деловите I и II.

## I. СПОЈУВАЊА ПОМЕЃУ ПРЕТХОДНО НЕЗАВИСНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

(7) Согласно член 12 став (1)точка 1) од Законот, спојување настанува кога две или повеќе независни претпријатија се обединуваат во ново претпријатие и престануваат да постојат како посебни правни субјекти. Исто така, спојување може да настане во случај кога едно претпријатие е преземено од (припоено кон) друго претпријатие, при што второво го задржува својот независен правен идентитет, додека првото престанува да биде независен правен субјект.

(8) Спојување согласно член 12 став (1)точка 1) од Законот исто така, може да настане кога, во отсуство на правно спојување, комбинацијата на активности на претходно независните

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ™ кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

претпријатиј, доведува до создавање на една економска целина[1]. Особено, тоа може да се случи кога две или повеќе претпријатија, задржувајќи го нивниот статус на независни правни субјекти, врз основа на договор утврдуваат заедничко економско управување или структура на компании/претпријатија со двојна котација. Ако ова доведува до *de facto* обединување на засегнатите претпријатија во една економска единица, трансакцијата се смета за спојување. Предуслов за утврдување на такво *de facto* спојување е постоењето на постојано, единствено економско управување. Други релевантни фактори може да вклучуваат внатрешен надомест на добивката и загубата, како и распределба на приходите помеѓу различни субјекти во групата и нивна заедничка одговорност или споделување на надворешниот ризик. *De facto* обединувањето може да се заснова само на договорни одредби, но може да се зајакне со вкрстени акционери/содружници помеѓу претпријатијата кои ја формираат економската целина.

## II. СТЕКНУВАЊЕ НА КОНТРОЛА

### 1. Концепт на контрола

#### 1.1. *Лице или претпријатие што стекнува контрола*

(9) Член 12 став (1) точка 2) од Законот утврдува дека концентрацијата настанува во случај на стекнување контрола. Таква контрола може да се стекне од едно претпријатие кое дејствува само или заеднички со неколку претпријатија.

***Лице кое контролира друго претпријатие***

(10) Исто така, контролата може да се стекне од едно лице во околности кога тоа лице веќе контролира (само или со повеќе други лица) најмалку едно претпријатие или, алтернативно со комбинација на лица (кои контролираат друго претпријатие) и претпријатија. Поимот „лице“ во овој контекст се однесува како на јавни тела и јавни и приватни претпријатија, така и на физички лица. Се смета дека стекнувањето контрола од страна на физички лица води до трајни промени во структурата на засегнатите претпријатија, ако тие физички лица вршат дополнителни економски активности за своја сметка, или ако тие контролираат најмалку уште едно друго претпријатие.

***Лице кое стекнува контрола***

(11) Контролата обично се стекнува од лица или претпријатија кои се иматели на правата или се стекнале со права да вршат контрола по пат на договори (Член 12 став (3) точка 1) од Законот). Сепак, постојат други ситуации во кои официјалниот сопственик на контролниот удел е различен од лицето или претпријатието кое има реално овластување да ги остварува правата што произлегуваат од овој интерес. Ова може да биде случај, на пример, кога претпријатието користи друго лице или претпријатие за преземање на контролен удел и кое го има правото да ги користи правата кои пренесуваат контрола преку ова лице или претпријатие т.е. ова лице

[1] Прашањето за контрола може да биде од значење за одредување на претходната независност на претпријатијата, бидејќи во спротивно спојувањето може да биде само внатрешно преструктуирање во рамките на групата. Токму во овој специфичен контекст, проценката за контрола, исто така, го следи општиот концепт наведен подолу и вклучува контрола *de jure* како и контрола *defacto.*

**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ™ кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

или претпријатие е формално носител на правата, но претставува само средство за преземање на контролата. Во таков случај, со контролата се стекнува претпријатието што всушност стои зад потфатот и поседува овластување за контрола над целното претпријатие (Член 12 став (3) точка 2) од Законот). Ова е исто така случај, на пример, кога контролата која ја имаат претпријатијата може да се препише на нивните акционери/содружници со ексклузивни права, нивните мнозински акционери/содружници или оние кои заедно ги контролираат претпријатијата, бидејќи овие претпријатија во секој случај ги почитуваат одлуките на овие акционери/содружници. Контролирачкиот удел, што се поседува од различни субјекти во група, вообичаено се препишува на претпријатието кое има контрола над различните формални носители на правата. Во други случаи, доказот потребен да се утврди овој вид на индиректна контрола може да вклучува, поединечно или во комбинација, зависно од предмет до предмет, фактори како што се акционерство, договорени односи, извори на финансирање или семејни врски.

***Стекнување контрола од страна на инвестициски фондови***

(12) Специфични прашања може да се јават во случај на стекнување контрола од инвестициски фондови. Комисијата ќе ги анализира структурите кои вклучуваат инвестициски фондови одделно во секој предмет, но сепак неколку општи карактеристики на таквите структури може да бидат утврдени.

(13) Инвестициските фондови често се конституирани во правна форма на ограничени партнерства, во кои инвеститорите учествуваат како ограничени партнери и обично не вршат ниту поединечна ниту заедничка контрола. Обично, инвестициските фондови стекнуваат акции и права на глас, со што обезбедуваат контрола врз портфолиото на претпријатијата. Во зависност од околностите, контролата вообичаено се врши од инвестициската компанија која што го формирала фондот, со оглед на тоа што самиот фондот е вообичаено само средство за инвестирање; во ретки случаи, контролата може да ја врши и самиот фонд. Инвестициските компании вообичаено вршат контрола преку организационата структура, на пр. со контролирање на генералниот партнер на фондот за партнерство или со предметните договори, како што се советодавни договори, или во комбинација. Тоа може да е случај дури и кога самата инвестициска компанија не ја поседува компанијата која дејствува како генерален партнер, но нивните акции се во сопственост на физички лица (кои може да се поврзани со инвестициската компанија) или на труст. Важноста на предметните договори со инвестициската компанија, особено советодавните договори, е уште поголема ако генералниот партнер не поседува сопствени ресурси и персонал за управувањето со портфолиото на компаниите, туку претставува само структура на компанијата чии активности се извршуваат од лица поврзани со инвестициската компанија. Во такви случаи, инвестициската компанија обично добива индиректна контрола во смисла на член 12 став (1) точка 2) и став (3) точка2) од Законот, и има овластување да остварува права кои директно ги има инвестицискиот фонд.

## 1.2. *Средства на контрола*

(14) Во член 12 став (2) од Законот, контролата е дефинирана како можност за вршење одлучувачко влијание врз претпријатието. Оттука не е потребно да се покажува дека одлучувачкото влијание е или ќе биде реално извршено. Сепак, можноста за извршување на таквото влијание мора да биде ефективна. Понатаму, согласно член 12 став (2) од Законот можноста за извршување на одлучувачкото влијание врз претпријатието може да постои врз основа на права, договори или други средства, поединечно или во комбинација, имајќи ји

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

предвид релевантната правна рамка и фактичката состојба. Оттука, концентрацијата може да се заснова на правна основа или *de facto* основа, да биде во форма на единствена или заедничка контрола или да се прошири врз целото или на делови од едно или повеќе претпријатија (види член 12 став (1) точка 2) од Законот).

***Контрола преку стекнување на акции/удели или средства***

(15) Степенот во кој дадена активност преминува во стекнување контрола зависи од одреден број на правни и/или фактички елементи. Најчест начин за стекнување контрола е преку стекнување акции/удели, во можна комбинација со договор на акционерите/содружниците во случај на заедничка контрола или преку стекнување средства.

***Контрола на договорна основа***

(16) Исто така, контролата може да се добие и врз основа на договор. За да се обезбеди контрола, договорот мора да води кон слична контрола на управувањето и ресурсите на другото претпријатие како во случај на стекнувањето на акции/удели и средства. Освен трансферот на контрола врз управувањето и ресурсите, овие договори мора да се карактеризираат со големо времетраење (обично без можност за порано прекинување од страната која ги доделува договорените права). Само таквите договори може да доведат до структурни промени на пазарот. Примери за такви договори се организациски договори склучени врз основа на закон или други видови на договори, на пр. во форма на договори за закуп на трговската дејност, доделувајќи му на стекнувачот контрола врз управувањето и ресурсите и покрај фактот што правата на сопственост или акциите/уделите не се пренесени. Во тој поглед, член 12 став (2) точка 1) од Законот предвидува дека контролата може да претставува и право за користење на средствата на претпријатието. Исто така, овие договори може да доведат до ситуација на заедничка контрола доколку и сопственикот на средствата и претпријатието кое го контролира управувањето уживаат право на вето врз деловните стратешки одлуки.

***Контрола со други средства***

(17) Со оглед на овие причини, договорите за франшиза во принцип не му даваат на давателот на франшиза контрола врз бизнисот на примачот на франшиза. Примачот на франшиза обично ги искористува претприемачките ресурси за своја сметка, дури и ако суштински дел од средствата може да му припаѓаат на давателот на франшиза. Освен тоа, чистите финансиски договори, како што се трансакции за продажба на повратен лизинг со договори за повратно купување на имотот на крајот од договорот, обично не се сметаат за концентрација, бидејќи со нив не се менува контролата врз управувањето и ресурсите.

(18) Освен тоа, контролата може да се реализира и со други средства. Чисто економските односи може да играат одлучувачка улога за стекнувањето контрола. Во исклучителни околности, ситуацијата на економската зависност може да води кон контрола врз *de facto* основа, ако на пр. важните долгорочни договори или кредити одобрени од добавувачи или потрошувачи, заедно со структурните поврзувања, доаваат одлучувачко влијание. Во таква ситуација, Комисијата внимателно ќе анализира дали таквите економски врски, во комбинација со други врски, се доволни за трајна промена на контролата.

(19) Стекнување контрола може да постои дури и во случај кога тоа не е декларираната намера на учесниците или ако стекнувачот е само пасивен и стекнувањето контрола е поттикнато од дејствување на трети лица. Примери во овој поглед се ситуации во кои

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ™ кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

промената на контрола произлегува од наследството на одреден акционер/содружник или случаи кога заминувањето на еден акционер/содружник води кон промена на контролата, особено при промена од заедничка во единствена контрола. Член 12 став (1) точка 2) од Законот се однесува на такви ситуации, каде е наведено дека контролата може да се стекне „и на друг начин“.

***Контрола и национален закон за трговски друштва***

(20) Останатите закони во Република Македонија или други национални законодавства можат да предвидат специфични правила во структурата на телата, кои ја претставуваат организацијата на процесот на донесување одлуки во претпријатието. Иако таквото законодавство може да обезбеди овластување за контрола од страна на лица различни од акционерите/содружниците, особено на претставници на вработените, концептот на контрола според Законот за заштита на конкуренцијата не го покрива овој вид на средства за влијание, бидејќи Законот за заштита на конкуренцијата е насочен кон одлучувачкото влијание кои се заснова на уживање права, средства или договори или еквивалентни *de facto* средства. Ограничувањата наведени во статутот на претпријатието или општо во релевантните закони кои се однесуваат на лица кои имаат право да бидат членови на одборот, како што се одредбите за назначување на независни членови или исклучување на лица кои имаат дадена функција или работа во владеачкото (матичното) претпријатие, не го исклучуваат постоењето на контрола сè додека акционерите/содружниците одлучуваат за составот на телата за донесување одлуки. Слично на тоа, и покрај одредбите на националното законодавство според кои одлуките на дадено претпријатие мора да се донесат од телата на претпријатието во негови интереси, лицата со право на глас имаат власт да донесуваат одлуки, и затоа тие имаат можност да извршуваат одлучувачко влијание врз претпријатието.

*Контрола во други области на законодавството*

(21) Концептот за контрола според Законот за заштита на конкуренцијата може да се разликува од оној кој се применува во специфични области на нашето законодавство или други национални законодавства, на пр. оданочување, воздушен транспорт или медиуми. Толкувањето на поимот „контрола“ во други области не е секогаш одлучувачки фактор за концептот на контрола во смисла на Законот за заштита на конкуренцијата.

### 1.3. ***Предмет на контрола***

(22) Законот во член 12 став (1)точка 2) и став (2) утврдува дека предмет на контрола може да бидат едно, повеќе или делови од претпријатија кои претставуваат правни субјекти, или средствата на тие субјекти или пак само дел од средствата. Стекнувањето на контрола над средствата може да се смета за концентрација, доколку тие средства го сочинуваат целото или дел од претпријатието, т.е. бизнис со присуство на пазарот на кој јасно може да му се препише пазарен приход. Преносот на базата на клиенти на бизнисот може да ги исполни овие критериуми, ако тоа е доволно за пренос на бизнис со даден пазарен приход. Трансакцијата ограничена на нематеријалните средства како што се трговски марки, патенти или авторски права, исто така може да се смета за концентрација, ако тие средства претставуваат бизнис со даден пазарен приход. Во секој случај, преносот на лиценци за трговски марки, патенти или авторски права без дополнителни средства, може да ги исполнат овие критериуми само ако

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

лиценците се ексклузивни барем за одредена територија, а преносот на такви лиценци претставува дејност за остварување на приход[2]. Што се однесува до неексклузивните лиценци, исклучена е можноста тие да можат сами по себе да претставуваат претпријатие што се карактеризира со даден пазарен промет.

(23) Специфични прашања се јавуваат кога претпријатието доделува свои (внатрешни) активности на претпријатија што нудат надворешни услуги, како на пр. доделување на услуги или производство на производи на надворешен давател на услуги. Типичен пример се информатичките услуги преку специјализираните компании за информатичка технологија. Договорите со претпријатија кои нудат надворешни услуги може да бидат различни; нивна заедничка карактеристика е обезбедување на услуги на потрошувачот (корисник на услугата) кои тој претходно самиот ги обезбедувал. Обичното ангажирање на услуги не вклучува пренос на средства или вработени во претпријатијата кои нудат надворешни услуги, вообичаено средствата или вработените се задржуваат од страна на потрошувачот. Овој тип на договор за вршење на надворешни услуги е сличен на обичниот договор за услуги, па дури и ако давателот на надворешни услуги се стекнува со право да управува со имотот и вработените на потрошувачот, концентрација не настанува доколку имотот и вработените се користат исклучиво за обезбедување на услугата на потрошувачот.

(24) Ситуацијата може да биде различна ако на давателот на надворешни услуги, покрај преземањето одредени активности кои претходно биле внатрешно извршувани, му се пренесат и поврзаните средства и/или персонал. Во овој случај концентрација настанува само доколку средствата го сочинуваат целото или дел од претпријатието, т.е. бизнис со пристап на пазарот. Ова значи дека средствата кои дотогаш се користеле за внатрешните активности на продавачот, ќе му овозможат на давателот на надворешни услуги да обезбеди услуги не само за потрошувачот туку и за трети страни, веднаш или во одреден краток период по трансферот. Истото ќе биде случај, доколку трансферот е поврзан со внатрешна трговска единица или подружница веќе ангажирана во обезбедување на услугите на трети лица. Ако сеуште не е извршено снабдување на трети страни, пренесените средства, во случај на производство, треба да ги содржат производствените капацитети, know-how за производот (тоа е доволно доколку пренесените средства овозможуваат создавање на таквите способности во блиска иднина) и доколку во моментот нема пристап на пазарот, средствата на потрошувачот за развој на пристап до пазарот во краток временски период (на пр. вклучувајќи постојни договори или трговски марки). Во поглед на обезбедувањето услуги, пренесените средства треба да ги вклучат потребното know-how (на пр. релевантен персонал и интелектуална сопственост) и капацитетите кои обезбедуваат пристап до пазарот (како што е на пр. средства за маркетинг). Затоа, пренесените средства мора да ги содржат барем најважните елементи кои ќе му овозможат на купувачот да развие присуство на пазарот во периодот аналоген на почетниот период на заедничко вложување, како што е наведено во понатамошниот текст во точките 95 и 98. Како и за заедничките вложувања, Комисијата при оценката ќе ги земе предвид соодветно образложените деловни планови и општите карактеристики на пазарот.

(25) Доколку пренесените средства не му овозможуваат на купувачот да развие барем присуство на пазарот, тие најверојатно ќе се користат само за обезбедување на надворешни

---

[2] Покрај тоа, доделувањето на лиценци и трансфер на патентна лиценца ќе се смета за концентрација, ако тоа е направено на трајна основа. Во овој поглед, се применуваат слични објаснувања како што е наведено погоре во точка 16 за стекнување на контрола врз основа на (долгорочни) договори.

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

услуги на потрошувачот. Во такви случаи, трансакцијата нема да предизвика трајна промена во структурата на пазарот, а договорот за надворешни услуги е сличен на обичниот договор за услуги. Следствено, трансакцијата нема да се смета за концентрација. Специфичните барања според кои заедничкото вложување за обезбедување на надворешни услуги е квалификувано како концентрација, во овие насоки се разгледуваат во делот за заедничко вложување кое на долгорочна основа ќе врши активности на автономна економска целина (целосно функционално заедничко вложување).

## 1.4. *Трајни промени во контролата*

(26) Член 12 став (1) од Законот го дефинира концептот за концентрација на таков начин што се опфатени активностите, само ако тие водат до трајни промени во контролата на засегнатото претпријатие и со тоа во структурата на пазарот. Оттука, Законот не ги опфаќа трансакциите коио резултираат само со привремена промена на контрола. Сепак, заради фактот дека основните договори се влезени во сила во определен временски период не се исклучува трајна промена на контрола кога таквите договори се обновливи. Концентрација може да настане, дури и во случаи кога договорите предвидуваат одреден краен датум, ако определениот период е доволно долг да води кон трајна промена на контролата во засегнатите претпријатија[3].

(27) Прашањето, дали некоја активност води кон трајна промена во структурата на пазарот, исто така е релевантна при проценката на неколку последователни активности, каде првата трансакција е од минлива (привремена) природа. Во однос на ова може да се разликуваат неколку ситуации.

(28) Во еден случај, неколку претпријатија се здружуваат само со цел да стекнат друго претпријатие врз основа на договор за поделба на стекнатите средства во согласност со однапред постоечкиот план, веднаш по завршувањето на трансакцијата. Во таков случај, во првиот чекор, стекнувањето на целото целно претпријатие се врши од едно или од неколку претпријатија. Во вториот чекор, стекнатите средства се распределуваат помеѓу неколку претпријатија. Прашањето се состои во тоа, дали првата трансакција може да се смета за посебна концентрација поврзана со стекнување на единствена контрола (во случај кога има еден купувач) или на заедничка контрола (во случај на заедничко купување) на целото целно претпријатие, или дали само стекнувањето во вториот чекор претставува концентрација, при што секое претпријатие купувачот добива соодветен дел од претпријатието што е цел на преземање.

(29) За Комисијата првата трансакција не претставува концентрација, и ги проучува преземањата на контрола од страна на крајните корисници, доколку се исполнат неколку услови: Прво, последователната поделба на претпријатието мора да биде договорена помеѓу различните купувачи по законски обврзувачки пат. Второ, не смее да постои никаква

[3] Стекнувањето на контрола преку стекнување на акции или средства нормално не е ограничено на определен временски период и затоа се претпоставува дека води до промена во контролата на долгорочна основа.Само во случаите утврдени од точа 27 и понатаму ., стекнувањето на контрола преку стекнување акции или средства исклучително ќе се смета за преодно и на тој начин нема да доведе до трајни промени во контролата на засегнатите претпријатија.

**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ™ кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

несигурност дека вториот чекор-поделба на стекнатите средства, ќе се изврши во краток временски период по првото стекнување. Според Комисијата вообичаениот период за поделба на средствата треба да биде една година.

(30) Ако и двата услови се исполнети, првото стекнување не води кон трајна промена во структурата. Не постои ефикасна концентрација во економска моќ помеѓу купувачот (купувачите) и целното претпријатие како целина, бидејќи стекнатите средства не се задржуваат целосно и на трајна основа, туку само за времето потребно за спроведување на итна поделба на стекнатите средства. Во овие околности, само стекнувањето на различни делови на претпријатието во вториот чекор претставува концентрација, при што секое стекнување од различни купувачи претставува одделна концентрација. Фактот дали првото стекнување се врши од страна на едно претпријатие или заедно со претпријатијата што се вклучени во вториот чекор е ирелевантен во овој случај. Во секој случај, мора да се напомене дека со решение Комисијата ќе дозволи стекнување само на целото целно претпријатие, ако проделбата се изврши во краток временски период и ако различните делови на целното претпријатие се директно продадени на соодветниот краен купувач.

(31) Меѓутоа, ако овие услови не се исполнети, особено ако не е сигурно дека вториот чекор ќе се изврши во краток временски рок по првото стекнување, Комисијата ќе ја смета првата трансакција како посебна концентрација, вклучувајќи го целото претпријатие што е цел на преземање. На пр. ова може да се случи ако првата трансакција може да се изврши независно од втората трансакција или ако е потребен подолг преоден период за поделба на целното претпријатие.

(32) Втор случај е кога активноста води до заедничка контрола во почетниот период, но во согласност со законско обврзувачките договори, оваа заедничка контрола ќе премине во единствена контрола од страна на еден од акционерите/содружниците. Бидејќи ситуацијата на заедничка контрола може да не претставува трајна промена на контрола, целата активност може да се смета за стекнување единствена контрола. Овој почетен периодот не треба да биде подолг од една година и периодот на заедничка контрола треба да биде од минлива природа. Само ваков релативно краткиот период најверојатно нема да има различно- значајно влијание врз структурата на пазарот, и затоа може да се смета дека истото не доведува до трајна промена во контролата.

(33) Трет случај е кога претпријатието е „доверено“ на привремениот купувач, најчесто банка, врз основа на договорот за идна продажба на претпријатието на крајниот купувач. Генерално, привремениот купувач добива акции/удели „во име„ на крајниот купувач, кој обично го презема поголемиот дел од економските ризици и исто така може да добие специфични права. Во такви околности, првата трансакција се извршува исклучиво за олеснување на втората трансакција и првиот купувач е директно поврзан со крајниот купувач. Спротивно на состојбата опишана во првиот случај во точките од 28 до 31, каде не е вклучен ниту еден краен купувач, целниот бизнис останува непроменет, а редоследот на трансакциите е инициран само од страна на единствениот краен стекнувач. Согласно овие насоки Комисијата го оценува стекнувањето на контрола од страна на крајниот купувач, како што е предвидено во договорите склучени од двете страни. Комисијата ќе ја разгледа трансакцијата со која привремениот купувач се стекнува со контрола во такви околности како прв чекор на една иста концентрација која се состои од трајно стекнување на контрола од страна на крајниот купувач.

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ™ кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

## 1.5. *Взаемно поврзани трансакции*

### 1.5.1. Поврзаност на член 12 и член 16 став (5) од Законот

(34) Неколку трансакции може да се сметаат како едноставна концентрација или согласно член 12 од Законот - доколку трансакциите се меѓусебно зависни, или согласно член 16 став (5) од Законот.

(35) Член 16 став (5) од Законот се однесува на различно прашање од она што е наведено во член 12 од Законот. Членот 12 од Законот дефинира постоење на „концентрација“ во општи и во материјални услови, но не го утврдува директно прашањето за надлежноста на Комисијата во поглед на концентрациите. Член 16 има за цел да го прецизира опсегот на Законот во делот на концентрациите, особено преку дефинирање на приходот кој треба да се земе предвид при оценување дали концентрацијата ги исполнува праговите од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот, а член 16 став (5) од Законот ѝ овозможува на Комисијата да процени дали две или повеќе трансакции за концентрации всушност претставуваат една иста концентрација за целите на пресметка на приходот на претпријатијата учесници. Од овие причини проценката за тоа дали при примената на член 12 од Законот, одреден број на трансакции водат до една иста концентрација или тие трансакции треба да се сметаат како трансакции кои водат до повеќе концентрации логички претходи прашањето регулирано со член 16 став (5) од Законот.

### 1.5.2. Независни трансакции согласно член 12 од Законот

(36) Општото и телеолошко дефинирање на концентрацијата утврдена во член 12 став (1) од Законот– резултатот е стекнување контрола на едно или повеќе претпријатија – значи дека доколку крајниот резултат претставува една иста концентрација, не е важно дали контролата е добиена како резултат на една или повеќе законски трансакции. Согласно член 12 од Законот, две или повеќе трансакции претставуваат една иста концентрација ако тие се неделиви по својата природа. Затоа, треба да се утврди дали резултатот води кон обезбедување на директна или индиректна економска контрола на едно или неколку претпријатија врз активностите на едно или повеќе други претпријатија. За таа оцена, потребно е да се утврди каква е економската реалност за да се идентификуваат трансакциите а со тоа и економската цел која ја имаат учесниците во концентрацијата. Со други зборови, со цел да се утврди дека овие трансакции имаат иста природа, потребно е во секој случај одделно да се потврди дали тие трансакции се меѓусебно зависни, на таков начин да едната трансакција не може да се изврши без другата.

(37) Во овој поглед, соодветно е трансакциите, кои се тесно поврзани со конкретен услов, да се третираат како една иста концентрација.

(38) Овој општ пристап, од една страна, одразува дека согласно Законот, трансакциите кои претставуваат целина во согласност со економските цели кои ги имаат учесниците во концентрацијата, треба исто така да се анализираат во една постапка. Во овие околности, промената на пазарната структура е предизвикана од овие заеднички трансакции. Од друга страна, ако одделните трансакции не се меѓусебно поврзани и ако учесниците во

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ™ кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

концентрацијата одлучат да извршат една од трансакциите а другите може да бидат неуспешни, посоодветно е овие трансакции да се оценат поединечно согласно Законот.

(39) Сепак, повеќе трансакции, дури и ако меѓусебно се поврзани со услов, може да се третираат како една иста концентрација, доколку контролата финално се стекнува од страна на истото(ите) претпријатие(ја). Само во овие околности, две или повеќе трансакции може, по својата природа да се сметаат за унитарни, заради што и претставуваат една иста концентрација во смисла на член 12 од Законот[4]. Овој пристап исклучува поделба на заедничките вложувања каде одделни делови од претпријатието се распределуваат меѓу своите поранешни владеачки (матични) претпријатија. Комисијата ќе ги смета овие трансакции како одделни концентрации. Истото се однесува и на трансакциите во кои две (или повеќе) претпријатија разменуваат средства со трансакции поврзани со поделба на заедничките вложувања или размена на средствата. Иако, учесниците во концентрацијата вообичаено ќе сметаат дека овие трансакции се заемно поврзани, Законот бара да се изврши одделна процена на резултатите на секоја од трансакциите: неколку претпријатија добиваат контрола над различни средства; за секое претпријатие што стекнува се прави различна комбинација на ресурси; и влијанието врз пазарот на секое од овие стекнувања на контрола треба да биде предмет на посебна анализа согласно Законот.

(40) Стекнувањето на различни степени на контрола (на пр. заедничка контрола на даден бизнис и единствена контрола на друг бизнис) покренува специфични прашања. Активностите поврзани со стекнување заедничка контрола на еден дел од претпријатието и единствена контрола на другиот дел од претпријатието, во принцип се смета за две одделни концентрации согласно Законот. Овие трансакции преставуваат само една иста концентрација ако тие се меѓусебно поврзани и ако претпријатието кое се стекнува со единствена контрола, се стекнува и со заедничката контрола. Во секој случај, се смета дека таквата ситуација претставува една иста концентрација кога станува збор за стекнување контрола над корпоративен субјект на кој припаѓаат и претпријатиео над кое се стекнува единствена контрола и претпријатието над кое се стекнува заедничка контрола. Ова значи, а врз основа на толкувањето во точка 18, дека ситуацијата во која истото претпријатие се стекнува со единствена и заедничка контрола над други претпријатија базирани на меѓусебно поврзани договори, не се третира различно. Затоа, доколку овие трансакции меѓусебно се зависни, тие претставуваат едина иста концентрација.

***Условеност на трансакциите***

(41) Условеност на трансакциите значи дека ниту една од трансакциите нема да се оствари во отсуство на останатите трансакции и затоа тие претставуваат една иста активност. Оваа условеност обично се гледа во тоа што трансакциите се поврзани *de jure,* на пр. самите договори се поврзани со меѓусебна условеност. Ако *de facto* условеноста може задоволително да се докаже, исто така трансакциите може да се сметаат како една иста концентрација. Ова бара економска процена за тоа дали секоја од трансакциите зависи од реализацијата на другите трансакции. Дополнителни индикации за меѓусебната зависност на неколку трансакции може да бидат изјави од самите учесници во концентрацијата или истовремено склучување на соодветни договори. Во отсуство на оваа истовременост, тешко е да се заклучи за постоење на *de facto* меѓусебна условеност на неколку трансакции. Забележлив недостаток на симултаноста на трансакциите кои се законски меѓусебно условени, исто така може да подигне сомнеж за

[4] Ова исто така се однесува и на случаеите каде едно претпријатие го продава бизнисот на купувач, а потоа го презема(стекнува контрола) над продавачот вклучувајќи го и продадениот бизнис.

**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ™ кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

нивната вистинска меѓусебна поврзаност.

(42) Начелото дека неколку трансакции може да се сметаат за една иста концентрација согласно погоре опишаните услови, се применува доколку резултатот покажува дека истото лице(а) или претпријатие(ја) ја има стекнато контролата над едно или повеќе претпријатија. Прво, ова може да биде случај кога еден бизнис или претпријатие се стекнува по пат на неколку законски трансакции. Второ, стекнувањето на контрола врз неколку претпријатија – кои може да претставуваат концентрации сами по себе - може да бидат поврзани на таков начин што ќе претставуваат едина иста концентрација. Сепак, согласно Законот, не е можно да се поврзат различни законски трансакции кои само делумно се однесуваат на стекнување на контрола над претпријатијата, а делумно на стекнување на други средства, како што е малцински удел без стекнување контрола во другите претпријатија. Тоа не би било во согласност со општата рамка и целта на Законот, доколку различните трансакции, поврзани со условеност, се оценуваат како целина во рамките на Законот и ако само некои од овие трансакции водат кон промена во контролата на одредено целно претпријатие.

***Стекнување на единствен бизнис***

(43) Една иста концентрација постои доколку истиот купувач(и) се стекнува со контрола врз единствен бизнис, односно еден економски субјект, преку неколку законски трансакции кои се меѓусебно условени. Ова е така, независно од тоа дали бизнисот е стекнат во корпоративна структура, која се состои од едно или неколку претпријатија или дали се стекнати различни средства кои формираат единствен бизнис, односно една економска целина која се управува за заедничка економска цел за која придонесуваат сите средства. Таквиот бизнис може да вклучи мнозински и малцински удел во претпријатија, како и материјални и нематеријални средства. Ако за пренос на таквиот бизнис се потребни неколку законски трансакции кои се меѓусебно поврзани, тогаш овие трансакции претставуваат една иста концентрација.

***Паралелно и сериско стекнување на контрола***

*(44)* Постојат повеќе случаи во кои неколку стекнувања на контрола може да се сметаат како единствена концентрација. Еден таков случај е паралелно стекнување на контрола, кое постои кога на пр. претпријатието А стекнува контрола врз претпријатијата Б и В паралелно од посебни продавачи под услов претпријатието А да не е обврзано да купи, ниту продавачот е обврзан да продаде, доколку и двете трансакции не продолжат. Сериско стекнување на контрола постои кога на пр. претпријатието А презема контрола врз претпријатието Б, под услов претходно или истовремено Б да стекне контрола врз претпријатието В.

***Сериско стекнување на единствена/заедничка контрола***

(45) Како и во сериското стекнување на контрола, ист е и случајот кога, во сериска трансакција, одредено претпријатие се согласува најпрво да стекне единствена контрола врз целното претпријатие, со цел директно да продаде делови од стекнатиот удел на друго претпријатие, што конечно ќе резултира во заедничка контрола на двајцата стекнувачи врз целното претпријатие. Доколку двете стекнувања се заемно условени, двете трансакции формираат една иста концентрација и единствено стекнувањето на заедничка контрола, како краен резултат на трансакциите, ќе се разгледува од страна на Комисијата.

### 1.5.3. Серија на трансакции во хартии од вредност

(46) Една иста концентрација исто така произлегува во случаи каде контролата врз едно претпријатие се стекнува со серија трансакции во хартии од вредност од еден или повеќе продавачи во прилично краток временски период. Концентрацијата во овие случаи не е ограничена на стекнување на „едно одлучувачко“ учество, но ќе ги покрие сите стекнувања на хартии од вредност што се случуваат во разумно кус временски период.

### 1.5.4. Член 16 став (5) од Законот

(47) Член 16 став (5) од Законот утврдува конкретно правило кое и дозволува на Комисијата да ги разгледа последователните трансакции што се појавуваат во фиксен временски период како една иста концентрација при пресметка на приходот на учесниците во концентрацијата. Целта на оваа одредба е да обезбеди дека истите лица нема да ја поделат трансакцијата во серии на продажби на средства во определен временски период со цел да се избегне законската обврска за поднесување на известување за концентрација до Комисијата.

(48) Доколку две или повеќе трансакции (при што секоја од нив доведува до стекнување на контрола) се случуваат во период од две години меѓу истите лица или претпријатија, тие се сметаат како една иста концентрација, без разлика дали тие трансакции се поврзани со делови од истиот бизнис или засегаат ист сектор. Ова не се применува во случај кога кон истите лица или претпријатија се приклучуваат други лица или претпријатија само за некои од предметните трансакции. Доволно е трансакциите, иако не се спровеле помеѓу истите претпријатија, да се спроведуваат помеѓу претпријатија кои припаѓаат на иста група. Одредбата, исто така се применува и на две или повеќе трансакции помеѓу истите лица или претпријатија ако се спроведуваат истовремено. Секогаш кога тие водат до стекнување на контрола од истото претпријатие, таквите истовремени трансакции помеѓу истите учесници формираат една иста концентрација, дури и ако не се условени една од друга. Сепак, член 16 став (5) од Законот не се применува на различни трансакции од кои најмалку една вклучува претпријатие учесник кое е различно од вообичаениот продавач(и) и купувач(и). Во ситуации кои вклучуваат две трансакции каде едната резултира во единствена контрола, а другата во заедничка контрола, 16 став (5) од Законот не се применува, освен ако другото владеачко (матично) претпријатие(ја) кое има заедничка контрола во втората трансакција е продавач(и) на самостојно контролираниот удел во првата трансакција.

## 1.6. *Внатрешно преструктуирање*

(49) Согласно законот, концентрацијата постои кога има промени во контролата. Внатрешното преструктуирање во рамки на група (поврзани) претпријатија не претставува концентрација. Ова се применува, на пр. на зголемувања на уделот на акциите/уделите каде нема промени во контрола или активности за преструктурирање како што се спојување на претпријатија со двојна котација во единствено правно лице или спојување на поврзани претпријатија. Концентрацијата настанува само доколку трансакцијата доведе до промена во квалитетот на контрола во едно претпријатие и оттаму не е веќе чисто внатрешна промена.

## 1.7. *Концентрации кои вклучуваат претпријатија во државна сопственост*

(50) Посебна ситуација постои кога претпријатијата што стекнуваат контрола и оние над кои

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

се стекнува контрола, се претпријатија во сопственост на државата (или од истиот јавен орган или општина). Во овој случај, дали активноста ќе се смета за внатрешно преструктуирање зависи од прашањето дали двете претпријатија порано биле дел од истата економска единица. Онаму каде претпријатијата порано биле дел од различни економски единици со независна моќ на одлучување, ќе се смета дека со трансакцијата се создава концентрација, а не внатрешно преструктуирање. Сепак, кога различните економски единици ќе продолжат да поседуваат независна моќ на одлучување и по транскацијата, тогаш тоа ќе се смета за внатрешно преструктуирање, дури и ако уделите на претпријатијата, што претставуваат различни економски единици, треба да се поседуваат од единствен ентитет како што е холдинг компанија.

(51) Сепак, привилегиите кои државата ги користи кога делува како јавна власт а не како акционер/содружник, доколку се ограничени на заштита на јавниот интерес, не претставуваат контрола во смисла на Законот, до степенот до кој тие немаат ниту за цел ниту за ефект овозможување на државата да применува одлучувачко влијание врз активноста на претпријатието.

## 2. Единствена контрола

(52) Единствената контрола се стекнува доколку едно претпријатие самостојно може да остварува одлучувачко влијание врз друго претпријатие. Може да се разграничат две општи ситуации во кои едно претпријатие има единствена контрола. Прво, самостојното претпријатие кое има контрола поседува моќ на одлучување за стратешките комерцијални одлуки на другото претпријатие. Оваа моќ типично се постигнува со стекнување на мнозинство на права на глас во едно претпријатие. Второ, постои одредена ситуација на единствена контрола каде само еден акционер/содружник е во можност да стави вето на стратешки одлуки во едно претпријатие, но тој сам по себе нема моќ да наложи такви одлуки (таканаречена негативна единствена контрола). Во овие околности, еден акционер/содружник го поседува истото ниво на влијание како она што најчесто го ужива одреден акционер/содружник кој заеднички контролира одредено претпријатие, т.е. моќ да блокира донесување на стратешки одлуки. Спротивно на ситуацијата во заеднички контролираното претпријатие, нема други акционери/содружници кои го уживаат истото ниво на влијание, акционерот /содружникот кој ужива негативна единствена контрола не мора задолжително да соработува со други конкретни акционери/содружници во одредувањето на стратешкото однесување на контролираното претпријатие. Бидејќи овој акционер/содружник може да произведе ситуација на застој, акционерот/содружникот стекнува контрола согласно член 12 став (2) од Законот.

(53) Единствената контрола може да се стекне на *de jure* и/или на *de facto* основа.

### *De jure* единствена контрола

(54) Единствена контрола обично се стекнува на правна основа каде претпријатието стекнува мнозинство од правата на глас во друго претпријатие. Во отсуство на други елементи, стекнувањето кое не вклучува мнозинство од правата на глас вообичаено не дава контрола дури и ако опфаќа стекнување на мнозинство на акционерскиот капитал/мнозинство на удели. Онаму каде статутот на претпријатието наложува квалификувано мнозинство за стратешки одлуки, стекнувањето на едноставно мнозинство од правата на глас може да не обезбеди моќ да се одредат стратешки одлуки, но може да бидат доволни да му доделат право на блокирање на стекнувачот и оттаму и негативна контрола.

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

(55) Дури и во случај на малцински акционери/содружници, единствена контрола може да постои врз правна основа во ситуации каде што специфични права се поврзани со тие акции/удели. Тоа може да бидат приоритетни акции/удели, придружени со посебни права кои им овозможуваат на малцинските акционери/содружници да го дефинираат стратешкото конкурентно однесување на целното претпријатие, како што е правото на назначување на повеќе од половина членови на надзорниот или на управниот одбор. Единствена контрола, исто така, може да се остварува од страна на малцински акционер/содружник кој го има правото да управува со активностите на претпријатието и да ја одреди неговата деловната политика врз основа на организациската структура (на пример, како генерален партнер во ограничено партнерство, кој често дури и нема акционерско учество/учество како содружник).

(56) Типичен пример за негативна единствена контрола е кога, еден акционер/содружник поседува 50% од едно претпријатие, а останатите 50% се во сопственост на неколку други акционери/содружници (под претпоставка дека тоа не води до единствена контрола на *de facto* основа), или каде се бара квалификувано мнозинство за стратешките одлуки, што *de facto* дава право на вето на само еден акционер/содружник, независно од тоа дали тој е мнозински или малцински.

***De facto* единствена контрола**

(57) Исто така, малцинскиот акционер/содружник може да врши единствена контрола на *de facto* основа. Оваа ситуација се однесува на случаите во кои е многу веројатно акционерот/содружникот да добие мнозински дел од гласовите на собранието на акционерите/собир на содружници, со оглед на нивото на неговите акции/удели и информациите поврзани со присуството на акционерите/содружниците во акционерските собранија/собир на содружници во претходните години. Врз основа на претходната структура на гласање, Комисијата ќе изврши потенцијална анализа и ќе ги зема предвид очекуваните промени во присуството на акционерите/содружниците кои би можеле да се појават во иднина, по извршувањето на трансакцијата. Покрај тоа, Комисијата ќе ја анализира позицијата на другите акционери/содружници и ќе ја оценува нивната улога. Оваа оценка е базирана пред сè врз следниве критериуми: голема дисперзија на преостанатите акции/удели, дали други важни акционери/содружници имаат структурни, економски или други семејни врски со значителен дел од малцинските акционери/содружници или дали други акционери/содружници имаат стратешки или чисто финансиски интереси во целното претпријатие. Овие критериуми ќе се оценуваат во секој случај поединечно. Кога, врз основа на нивното учество, историска пракса на гласање на акционерите/содружниците и на позициите на другите акционери/содружници, веројатно е малцинскиот акционер/содружник да добие стабилно мнозинство од гласовите на собранието на акционери/собир на содружници, тогаш овој значителен малцински акционер/содружник ќе се смета дека има единствена контрола во претпријатието.

(58) Опција за купувањена акции/удели или конвертирање на акции не може сама по себе да доведе до единствена контрола, освен ако оваа опција не се извршува во блиска иднина во согласност со правно обврзувачки договори. Сепак, во исклучителни околности опцијата заедно со други елементи, може да доведе до заклучок дека *de facto* постои единствена контрола.

***Единствена контрола стекната на друг начин (освен преку права на глас)***

(59) Освен стекнување единствена контрола врз основа на правата на глас, се применуваат и

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

објаснувањата дадени во точка 1.2 во однос на стекнување на единствена контрола со купување на средства, со договори, или каков било друг начин.

### 3. Заедничка контрола

(60) Заедничка контрола постои кога две или повеќе претпријатија или лица имаат можност да вршат одлучувачко влијание врз друго претпријатие. Во овој контекст, одлучувачко влијание обично значи можност да се спречат активности кои ја одредуваат комерцијалната стратегија на едно претпријатие. За разлика од единствена контрола, која дава моќ на одреден акционер/содружник да определува стратешки одлуки во едно претпријатие, заедничката контрола се карактеризира со можност за блокирање, што произлегува од моќта на две или повеќе владеачки претпријатија да ги отфрлат предложените стратешки одлуки. Затоа, овие акционери/содружници мора да постигнат заедничко разбирање при определувањето на трговската политика на заедничкото вложување (зависното претпријатие) и да соработуваат меѓу себе.

(61) Како и во случајот на единствена контрола, стекнување на заедничка контрола, исто така, може да се утврди на *de jure* или *de facto* основа. Заедничка контрола постои доколку акционерите/содружниците (владеачките претпријатија) мора да постигнат договор за главните одлуки во врска со зависното претпријатието (заедничкото вложување).

### 3.1. *Еднаквост во правата на глас или именување во рамките на телата за донесување одлуки*

(62) Најочигледна форма на заедничка контрола постои кога има само две владеачки претпријатија кои споделуваат подеднакво право на глас во заедничкото вложување. Во тој случај, не е потребно да постои формален договор меѓу нив. Меѓутоа, кога постои формален договор, тој мора да биде во согласност со начелото на еднаквост помеѓу владеачките претпријатија, со утврдување, на пример, дека секој има право на ист број на претставници во управните тела и дека ниту еден од членовите нема одлучувачки глас. Еднаквоста, исто така, може да се постигне кога двете владеачки претпријатија имаат право да назначат еднаков број претставници во телата за донесување одлуки на заедничкото вложување.

### 3.2. *Право на вето*

(63) Заедничка контрола може да постои дури и кога не постои еднаквост меѓу двете владеачки претпријатија во гласовите или во застапеноста во рамките на телата за донесување одлуки или кога има повеќе од две владеачки претпријатија. Ова е случај кога малцинските акционери/содружници имаат дополнителни права кои им овозможуваат да стават вето на одлуки кои се од суштинско значење за комерцијалната стратегија на заедничкото вложување. Ова право на вето може да се утврди во статутот на заедничко вложување или со договор меѓу неговите владеачки претпријатија. Самите права на вето може да дејствуваат со помош на специфичен кворум потребен за донесување на одлуки на акционерските собранија/собир на содружници или од страна на одборот на директори во зависност од застапеноста на владеачките претпријатија во овој одбор. Исто така, можно е стратешките одлуки да бидат предмет на одобрување од страна на даден орган, на пример, надзорен одбор, каде што се претставени малцинските акционери/содружници и се дел од кворумот потребен за таквите одлуки.

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

(64) Овие права на вето мора да бидат поврзани со стратешките одлуки за деловната политика на заедничкото вложување. Тие мора да ги надминуваат правата на вето кои се доделуваат обично на малцинските акционери/содружници, со цел тие да ги заштитат своите финансиски интереси, како инвеститори во заедничкото вложување. Оваа нормална заштита на правата на малцинските акционери/содружници е поврзана со решенија кои се однесуваат на суштината на заедничкото вложување, на пример, промена на статутот, зголемување или намалување на капиталот или ликвидација. Право на вето, на пример, што спречува продажба или ликвидација на заедничкото вложување не обезбедува заедничка контрола на засегнатите малцински акционери/содружници.

(65) Спротивно на тоа, права на вето кои доделуваат заедничка контрола обично вклучуваат одлуки за прашањата како што се буџет, бизнис план, големи инвестиции или именување на високото раководство. Сепак, стекнувањето на заедничка контрола не значи дека стекнувачот треба да има моќ на одлучувачко влијание во секојдневната работа на претпријатието. Клучниот елемент е правата на вето да бидат доволни за да им овозможат на владеачките претпријатија да извршуваат такво влијание во однос на стратешкото деловно однесување на заедничкото вложување. Дополнително, не е неопходно да се утврди дека стекнувачот на заедничка контрола врз заедничкото вложување, всушност, ќе го користи своето одлучувачко влијание. Според тоа, доволно е постоење на можноста за вршење на такво влијание и постоењето на право на вето.

(66) За да се стекне заедничка контрола, не е потребно малцинскиот акционер/содружник да ги има сите права на вето кои се споменати погоре. Може да е доволно да има само некои права или само едно право на вето. Дали е ова случај или не, зависи од прецизната содржина на самото право на вето и од важноста на ова право во контекстна специфичната деловна активност на заедничкото вложување.

***Именување на високо раководство и одредување на буџетот***

(67) Правата на вето во врска со одлуките за именување и разрешување на високо раководство и одобрувањето на буџетот се од витално значење. Моќта на заедничко одредување на структурата на високото раководство, на пр. членовите на одборот обично му овозможуваат на носителот да извршува одлучувачко влијание врз комерцијалната политика на претпријатието. Истото важи и во однос на одлуките поврзани со буџетот, бидејќи буџетот ја одредува точната рамка на активностите на заедничкото вложување и особено, инвестициите што може да ги изведе.

***Бизнис план***

(68) Бизнис планот обично дава детали за целите на претпријатието, заедно со мерките кои се преземаат со цел да се постигнат тие цели. Правото на вето во овој вид на бизнис план може да биде доволно да се потврди заедничка контрола дури и во отсуство на било кое друго право на вето. Спротивно на тоа, кога бизнис планот содржи само општи изјави за целите на заедничкото вложување, постоењето на право на вето ќе биде само еден елемент во вкупната оценка на заедничка контрола, но не е доволен сам по себе да обезбеди таква контрола.

***Инвестиции***

(69) Во случај на право на вето за инвестиции, важноста на ова право зависи најпрво, од нивото на инвестиции кои се предмет на одобрување на владеачките претпријатија и второ, од степенот до кој инвестициите претставуваат суштинска карактеристика на

**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ™ кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

пазарот на кој заедничкото вложување е активно. Во однос на првиот критериум, кога нивото на инвестиции за кое е потребно одобрување од владеачките претпријатија е исклучително големо, ова право на вето може да биде поблиску до нормалната заштита на интересите на малцинските акционери/содружници, отколку на доделеното право на моќта на заедничко определување на комерцијална политика на заедничкото вложување. Во однос на вториот критериум, инвестиционата политика на едно претпријатие обично е важен елемент во оценката за тоа дали постои или не постои заедничка контрола. Сепак, може да постојат пазари каде инвестициите не играат значајна улога во пазарното однесување на претпријатието.

***Права кои се карактеристични за одделен пазар***

(70) Освен типичното право на вето споменато погоре, постојат голем број на други можни права на вето во врска со одредени одлуки кои се важни во контекстот на конкретниот пазар на заедничкото вложување. Еден пример е одлуката за технологијата што треба да се користи од страна на заедничкото вложување, каде што технологијата е клучна карактеристика на активностите на заедничкото вложување. Друг пример се однесува на пазарите кои се карактеризираат со диференцијација на производот и со значителен степен на иновации. Во такви пазари, правото на вето врз одлуките кои се однесуваат на нови производни линии што треба да се развиваат од страна на заедничкото вложување, исто така, може да биде важен елемент во утврдување на постоењето на заедничка контрола.

***Општ контекст***

(71) При оценувањето на релативната важност на правата на вето, каде што постојат голем број од нив, овие права не треба да се оценуваат одделно. Напротив, одредувањето на тоа дали постои или не заедничка контрола се заснова врз процена на овие права како целина. Сепак, правото на вето кое не се однесува на стратешката комерцијална политика, на назначувањето на високото раководство на управување или на буџетот или пак на бизнис планот, не може да се смета како давање заедничка контрола на оној кој го поседува тоа право сопственикот.

### 3.3. *Заедничко остварување на правата за глас*

(72) Дури и во отсуство на конкретни права на вето, две или повеќе претпријатија кои стануваат малцински акционери/содружници во друго претпријатие, може да се здобијат со заедничка контрола. Ова може да биде случај кога малцинските акционери/содружници заедно обезбедуваат средства за контрола на целното претпријатие. Ова значи дека малцинските акционери/содружници, заедно, ќе имаат мнозинство од правата на глас; и тие ќе дејствуваат заедно во остварувањето на овие права на глас. Тоа може да биде резултат од правно обврзувачки договор склучен за таа цел, или може да се утврди на *de facto* основа.

(73) Законските средства кои обезбедуват заедничко остварување на право на глас може да бидат во форма на (заеднички контролирана) холдинг компанија на која се пренесени правата на малцинските акционери/содружници, или договор со кој тие се обврзуваат да постапуваат на ист начин (договор за здружување).

**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ™ кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

(74) Многу ретко, колективна акција може да се случи на *de facto* основа во случаи кога меѓу малцинските акционери/содружници постојат силни заеднички интереси, при што тие нема да дејствуваат едни против други во остварувањето на нивните права во однос на заедничкото вложување. Сепак, колку е поголем бројот на матичните претпријатија кои се вклучени во такво заедничко вложување, толку е помала веројатноста тоа да се случи.

(75) Индикатор за таква сличност на интереси е висок степен на меѓусебна зависност, помеѓу владеачките (матичните) претпријатија при постигнување на стратешките цели на заедничкото вложување. Ова е особено случај кога секое владеачко (матично) претпријатие обезбедува придонес во заедничкото вложување кое е од витално значење за нејзината активност (на пример, специфични технологии, локално know-how или договори за снабдување). Во овие околности, владеачките (матичните) претпријатија може да ги спречат стратешките одлуки на заедничкото вложување, и со тоа, тие може успешно да го управуваат заедничкото вложување, само со меѓусебен постигнат договор за стратешките одлуки, дури и ако не постои изрична одредба за некое право на вето. Токму затоа владеачките (матичните) претпријатија се упатени да соработуваат меѓу себе. Другите фактори вклучуваат постапки за донесување одлуки кои се развиени на таков начин што им овозможува на владеачките (матичните) претпријатија да вршат заедничка контрола дури и во отсуство на експлицитни договори за доделување право на вето или други врски меѓу малцинските акционери/содружници во врска со заедничкото вложување.

(76) Таков случај може да се појави не само кога двајца или повеќе малцински акционери/содружници имаат заедничка контрола врз претпријатието на *de facto* основа, туку исто така и кога има висок степен на зависност на мнозински акционер/содружник од малцински акционер/содружник. Ова може да биде случај кога заедничкото вложување економски и финансиски зависи од малцинскиот акционер/содужник или кога само малцинскиот акционер/содужник го поседува потребното know how и игра голема улога во работата на заедничкото претпријатие, додека мнозинскиот акционер/содружник е само финансиски инвеститор. Во такви околности, мнозинскиот акционер/содружник не ќе може да ги наметне своите ставови, но партнерот во заедничкото вложување може да ги спречи стратешките одлуки, така што владеачките (матичните) претпријатија ќе треба трајно да соработуваат. Тоа води до состојба на *de facto* заедничка контрола која преовладува над чисто *de jure* оценување, според која би можело да се смета дека мнозинскиот акционер/содружник има единствена контрола.

(77) Овие критериуми се применуваат како за формирање на ново заедничко вложување, така и за стекнување на малцински пакет акции/удели, кои заедно пренесуваат заедничка контрола. Во случај на купувања акции/удели, постои поголема веројатност на сличност на интереси, доколку акциите/уделите се стекнуваат по пат на заедничка активност. Сепак, само стекнувањето по пат на заедничка активност не е доволно за целите на воспоставување на *de facto* заедничка контрола. Генерално, заедничкиот интерес, како финансиски инвеститори (или доверители) на претпријатието во враќање на инвестицијата, не претставува заедница на интереси кои водат до остварување на *de facto* заедничка контрола.

(78) Во случај кога не постојат силни заеднички интереси како горенаведените, можноста за

**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ™ кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

промена на коалиции помеѓу малцинските акционери/содружници нормално ќе ја исклучи претпоставката за постоење на заедничка контрола. Кога не постои стабилно мнозинство во постапката за донесување одлуки и мнозинството во одделни случаи може да биде било која од различните можни комбинации меѓу малцинските акционери/содружници, тогаш не може да се претпостави дека малцинските акционери/содружници (или одредена група од нив) заеднички ќе го контролираат претпријатието. Во овој контекст, не е доволно да постојат договори меѓу две или повеќе страни кои имаат еднакви акционерски/содружнички права и надлежности во капиталот на претпријатието со кои се воспоставуваат идентични права и овластувања меѓу страните, каде што овие не вклучуваат стратешки права на вето. На пример, во случај на претпријатие, во кое тројца акционери/содружници поседуваат по една третина од акционерскиот капитал/уделите и секој избира една третина од членовите на одборот на директори, акционерите/содружниците не вршат заедничка контрола бидејќи одлуките се донесуваат врз основа на просто мнозинство.

### 3.4. ***Други работи поврзани со заедничката контрола***

*Нееднаква улога во владеачките (матичните) претпријатија*

(79) Заедничката контрола не е некомпатибилна со фактот дека едно од владеачките (матичните) претпријатија ужива специфични знаења и искуство во бизнисот на заедничкото вложување. Во таков случај, другото владеачко (матично) претпријатие може да игра скромна, па дури и непостоечка улога во секојдневното управување на заедничкото вложување, каде неговото присуство се оправдува со финансиски причини, долгорочна стратегија, брендирање или општа политика. Сепак, таа секогаш мора да ја задржи реалната можност за оспорување на одлуките преземани од страна на другото владеачко (матично) претпријатие врз основа на еднаквост во правата на глас или права на именување во рамките на телата за донесување одлуки или преку правото на вето во врска со стратешките прашања. Во отсуство на овие услови, контролата ќе биде единствена.

*Одлучувачки глас*

(80) За да постои заедничка контрола, едно од владеачките (матичните) претпријатија не треба да има одлучувачки глас, бидејќи тоа ќе доведе до единствена контрола на владеачкото (матичното) претпријатие кое го има одлучувачкиот глас. Сепак, може да има заедничка контрола ако овој одлучувачки глас во практика има ограничена примена и ефективност. Ова може да биде случај кога одлучувачкиот глас може да се изрази само по последователни серии на арбитража и обиди за помирување или доколку се користи во ограничено поле или ако употребата на одлучувачкиот глас предизвикува опција за продажба што имплицира тежок финансиски товар или ако меѓусебната зависност на владеачките (матичните) претпријатија би ја направила употребата на одлучувачкиот глас неверојатна.

## III. ПРОМЕНА ВО КВАЛИТЕТОТ НА КОНТРОЛА

(81) Законот во делот на контрола на коцентрациите опфаќа активности кои резултираат со

**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

стекнување на единствена или заедничка контрола, вклучувајќи ги и операциите што водат до промени во квалитетот на контрола. Прво, таква промена во квалитетот на контролата, која води до концентрација, се добива кога има промена меѓу единствената и заедничката контрола. Второ, промената на квалитетот на контролата се случува при постоење на заедничка контрола пред и по трансакцијата, ако има зголемување на бројот на акционери/содружници со контролен удел или при промена на нивниот идентитет. Сепак, нема промена во квалитетот на контрола, со појавата на промена од негативна во позитивна единствена контрола. Таквата промена не влијае ниту на мотивите на акционерите/содружниците кои имаат негативна контрола, ниту на природата на контролната структура, со оглед на тоа што не е неопходно акционерот/содружникот кој ја има контролата да соработува со конкретни акционери/содружници во моментот кога тој ја остварувал негативната контрола. Во секој случај, самите промени во нивото на акциите/уделите на истите акционери/содружници со контролен удел, а без промени на правата кои ги имаат во претпријатието и во составот на контролната структура на претпријатието, не претставуваат промена во квалитетот на контрола и следствено не претставуваат концентрација која подлежи на обврската за известување.

(82) Овие промени во квалитетот на контрола ќе бидат разгледани во две категории: прво, влезот на еден или повеќе нови акционери/содружници кои имаат контролен интерес без оглед на тоа дали тие ги заменуваат или не акционерите/содружниците со постоечка контрола и, второ, намалување на бројот на акционери/содружници кои имаат контрола.

### 1. Влез на акционери/ содружници со контролен удел

(83) Влезот на нови акционери/содружници со контролен удел кој води до заедничка контрола може да резултира со промена од единствена во заедничка контрола, или од влез на дополнителни акционери/содружници или замена на постоечките акционери/содружници во претпријатие над кое веќе постои заедничка контрола.

(84) Преминот од единствена контрола во заедничка контрола се смета за активност за која треба да биде поднесено известување, бидејќи таа го менува квалитетот на контролата на заедничкото вложување. Прво, се работи за ново стекнување на контрола за акционерите/содружниците кои влегуваат во контролираното претпријатие. Второ, само новото стекнување на контрола го прави контролираното претпријатие - заедничко вложување што значително ја менува ситуацијата и за останатите претпријатија кои имаат контрола: Во иднина, мора да се земат предвид интересите на еден или повеќе други акционери/содружници со контролен удел и мора постојано да соработуваат со новиот(ите) акционер(и)/содружник(ци). Претходно, или можело да се утврди стратешкото однесување на контролираното претпријатие (во случај на единствена контрола) или не морало да се земат предвид интересите на дадени други акционери/содружници, или не била потребна постојана соработка со овие акционери/содружници.

(85) Влезот на нов акционер/содружник во заеднички контролираното претпријатие - или како нов акционер/содружник, покрај постојаните акционери/содружници со контролен удел или со замена на еден од нив - исто така претставува концентрација за која постои обврска за поднесување на известување, иако претпријатието е заеднички

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ᵀᴹ кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

контролирано пред и по активноста. Прво, во овој случај исто така има нов акционер/содружник кој стекнува контрола над заедничкото вложување. Второ, квалитетот на контрола над заедничкото вложување, зависи од идентитетот на сите акционери/содружници со контролен удел. Оттука, заедничката контрола, по својата природа е таква што поради тоа што секој акционер/содружник одделно има право на спречување/блокирање во однос на стратешките одлуки, акционерите/содружниците со заедничка контрола треба да ги земат предвид меѓусебните интереси и мора да соработуваат при утврдувањето на стратешкото однесување на заедничкото вложување. Затоа, природата на заедничката контрола не претставува чисто математичко додавање на правата за блокирање кои ги имаат неколку акционери/содружници, туку се определува од страна на составот на акционерите/содружниците кои ја имаат заедничката контрола. Еден од најочигледните случаи што водат до одлучувачка промена на природата на контролната структура на претпријатија под заедничка контрола, е ситуација во која заедничкото вложување кое е заеднички контролирано од страна на конкурентот на заедничко вложување и финансиски инвеститор, финансискиот инвеститор се заменува со друг конкурент. Во овие околности, контролната структура и стимулациите на заедничко вложување може да се променат, не само заради влезот на новиот акционер/содружник со контролен удел, туку и заради промената во однесувањето на останатиот акционер/содружник. Затоа, замената на акционер/содружник со контролен удел или влез на нов акционер/содружник во заеднички контролирано претпријатие претставува промена во квалитетот на контрола[5].

(86) Сепак, влезот на нови акционери/содружници би довело само до концентрација за која се поднесува известување, ако еден или повеќе акционери/содружници се здобијат со единствена или заедничка контрола врз основа на даденото стекнување на акции/удели. Влегувањето на нови акционери/содружници може да доведе до ситуација во која заедничката контрола не може да се утврди ниту на *de jure* ниту на *de facto основа*, бидејќи влегувањето на нов акционер/содружник овозможува промена на коалициите помеѓу малцинските акционери/содружници.

### 2. Намалување на бројот на акционери/содружници

(87) Намалувањето на бројот на акционери/содружници со контролен удел претставува промена во квалитетот на контрола и затоа тоа треба да се смета за концентрација, ако излегувањето на еден или повеќе акционери/соружници со контролен удел доведува до промена од заедничка во единствена контрола. Одлучувачкото влијание што се остварува самостојно значително се разликува од одлучувачкото влијание што се остварува заеднички, бидејќи во вториот случај на заедничка контрола акционерите/содружниците треба да ги земат предвид потенцијално различните

[5]Општо земено, треба да се напомене дека Комисијата нема да ја оценува како посебна концентрација индиректната замена на акционер/содружник со контролен удел во случај на заедничка контрола која се одвива преку стекнување на контрола на едно од нејзините владеачки (матични) претпријатија.Комисијата ќе ги проценува сите промени кои се случуваат во конкурентна ситуација на заедничко вложување во рамките на целокупното стекнување на контрола од страна на владеачките (матичните) претпријатија.Во тие околности, другите контролни акционери/содружници во заедничкото вложување нема да бидат засегнатите претпријатија со концентрацијата која се однесува на нејзиното владеачко (матичн) претпријатие.

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ™ кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

интереси на другата вклучена страна/страни.

(88) Кога операцијата вклучува намалување на бројот на акционерите/содружниците со заедничка контрола, без притоа да се случи промена од заедничка во единствена контрола, обично се смета дека трансакцијата не доведува до концентрација за која треба да се поднесе известување.

## IV. ЗАЕДНИЧКИ ВЛОЖУВАЊА – КОНЦЕПТОТ НА ЦЕЛОСНА ФУНКЦИОНАЛНОСТ

(89) Член 12 став (1) точка 2) од Законот предвидува дека дадена концентрација настанува кога контролата врз цело или делови од претпријатие се стекнува *едно или повеќе* други претпријатија. Оттука, новото стекнување на друго претпријатие од страна на неколку претпријатија со заедничка контрола, претставува концентрација согласно Законот. Како и во случајот со стекнување на единствена контрола над претпријатие, ова стекнување на заедничка контрола ќе доведе до структурни промени на пазарот, дури и ако според плановите за стекнување на претпријатијата, стекнатото претпријатие веќе не се смета со целосна функционалност по трансакцијата (на пример, бидејќи во иднина ќе продава единствено на владеачките (матичните) претпријатија). Така, трансакцијата која вклучува неколку претпријатија кои имаат за цел стекнување на заедничка контрола над друго претпријатие или на делови од друго претпријатие од трети страни, и доколу притоа се исполнети критериумите утврдени во став 22, ќе претставува концентрација согласно член 12 став (1) од Законот, без да биде потребно да се разгледа критериумот за целосна функционалност[6].

(90) Согласно член 12 став (4) од Законот создавањето на заедничко вложување кое на долгорочна основа ќе врши активности на автономна економска целина (ткн. заеднички вложувања со целосна функционалност) се смета за концентрација согласно Законот. Затоа, критериумот за целосна функционалност предвидува примена на Законот во однос на создавањето на заеднички вложувања од страните/учесници во концентрацијата, независно дали соодветното заедничко претпријатие е создадено како целосно ново и дали страните внесуваат средства во заедничкото вложување кои средства претходно биле во нивна одделна сопственост. Во овие околности, заедничкото вложување мора да го исполнува критериумот за целосна функционалност со цел да се смета за концентрација.

(91) Фактот дека заедничкото вложување може да биде претпријатие со целосна функционалност и според тоа економски автономно од оперативна гледна точка, не значи дека тоа ужива автономија во однос на донесувањето на стратешки одлуки. Во спротивно, претпријатието со заедничка контрола не би можело никогаш да се смета за заедничко вложување со целосна функционалност и условот, утврден во член 12 став (4) од Законот, никогаш не би можал да биде исполне. Затоа, за примена на критериумот за целосна функционалност доволно е заедничкото вложување да биде автономно во оперативна смисла.

[6] Овие не се однесуваат следствено и на член 17 став (5) од Законот. Додека толкувањето на член 12, став (1) и (4) се однесува за примена Законот на заеднички вложувања, член 12 став (4) од Законот се однесува на суштинска анализа на заедничките вложувања. „Создавањето на заедничко вложување кое претставува концентрација согласно член 12 од Законот“, како што е утврдено во член 17 став (5) од Законот, го опфаќа стекнувањето на заедничка контрола согласно член 12, ставови (1) и (4) од Законот.

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ™ кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

1. **Доволни ресурси за независно работење на пазарот**

(92) Целосната функционалност всушност значи дека заедничко вложување треба да работи на пазарот, вршејќи функции кои по правило се извршуваат од претпријатијата кои работат на истиот пазар. Со цел да се направи тоа, заедничкото вложување мора да има раководство посветено на неговите секојдневни активности и пристап до доволни ресурси вклучувајќи финансии, персонал и средства (материјални и нематеријални) со цел да ги извршува своите деловни активности на трајна основа во рамките предвидени во договорот за заедничко вложување. Притоа не е неопходно персоналот да биде вработен во самото заедничко вложување. Ако тоа е стандардна практика во областа каде што делува заедничкото вложување, може да биде доволно доколку трети лица го предвидат ангажирањето на персонал со оперативен договор или ако персоналот е доделен од страна на агенција за привремени вработување. Префрлање на персонал од страна на владеачките (матичните) претпријатија може исто така да биде доволно, ако тоа се врши само како дел од почетната фаза или ако заедничкото вложување работи со владеачките (матичните) претпријатија на ист начин како со трети страни. Во вториот случај, заедничкото вложување треба да работи со владеачките (матичните) претпријатија на одредена дистанца и врз основа на нормални комерцијални услови и исто така слободно да ангажира свои вработени или да обезбедува персонал преку трети страни.

2. **Активности надвор од специфичната функција на владеачките (матичните) претпријатија**

(93) Заедничко вложување не е целосно функционално доколку исполнува само една специфична функција во рамките на деловните активности на владеачките (матичните) претпријатија без да има свој пристап до пазарот или без присуство на пазарот. Ова е случај, на пример, за заеднички вложувања кои се занимаваат исклучиво со истражување и развој или со производство. Ваквите заеднички вложувања ги дополнуваат деловните активности на нивните владеачки (матични) претпријатија. Таков е и случајот кога заедничкото вложување е суштински ограничено на дистрибутивната мрежа или продажба на производи од нивните владеачки (матични) претпријатија и, според тоа, главно делува како продажна агенција . Сепак, фактот дека заедничкото вложување ја користи дистрибутивната мрежа или пазарот на една или повеќе владеачки (матични) претпријатија, нормално не влијае врз неговото квалификување како „целосно функционално“, сè додека владеачките (матичните) претпријатија дејствуваат само како агенти на заедничкото вложување.

(94) Чест пример каде се покренува ова прашање се заедничките вложувања кои се вклучени во холдингот на недвижен имот кое обично се создава заради даночни и други финансиски причини. Доколку целта на заедничкото вложување е ограничена само на стекнувањето и/или одржување на одреден недвижн имот за владеачките (матичните) претпријатија и врз основа на финансиски средства обезбедени од страна на владеачките (матичните) претпријатија, тоа обично не се смета за целосна функционалност, бидејќи не е автономна, долгорочна деловна активност на пазарот и исто така, нема потребни ресурси за независно функционирање. Оваа ситуација треба да се разликува од заеднички вложувања кои активно управуваат со портфолиото на надвижниот имот и кои дејствуваат за своја сметка на пазарот што обично укажува на целосна функционалност.

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ™ кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

### 3. Купопродажни односи со владеачките (матичните) претпријатија

(95) Силното присуство на владеачките (матичните) претпријатија во надолни или нагорни пазари е фактор кој треба да се земе предвид при оценувањето на карактерот на целосната функционалност на заедничкото вложување, бидејќи нивното присуство доведува до значителна продажба или купување помеѓу владеачките (матичните) претпријатија и заедничкото вложување. Фактот дека, за почетниот период на работа, заедничкото вложување речиси целосно зависи од продажбата или купувањето од своите владеачки (матични) претпријатија, обично не влијае врз карактерот на неговата целосна функционалност. Таков почетен период може да биде потребен со цел да се етаблира заедничкото вложување на пазарот. Но овој период обично не надминува три години и зависи од конкретните услови на конкретниот пазар.

*Продажби на владеачките (матичните) претпријатија*

(96) Кога продажбата од заедничко вложување на владеачките (матичните) претпријатија е предвидено да се врши на долгорочна основа, суштинското прашање се состои во тоа дали, без оглед на овие продажби, од заедничкото вложување се очекува да игра активна улога на пазарот и дали може од функционална гледна точка да се смета за економски автономно. Во тој поглед, релативниот удел од продажбата на владеачките (матичните) претпријатија во споредба со вкупното производство на заедничкото претпријатие претставува важен фактор. Поради специфичностите на секој поединечен случај, не е возможно да се дефинира посебен сооднос на промет со кој ќе се направи разлика на целосна функционалност од други заеднички вложувања. Ако заедничкото вложување постигнува повеќе од 50% од неговиот промет со трети страни, тоа обично ќе биде показател за целосна функционалност. Доколку овој индикативен праг е под 50% треба да се направи анализа на секој случај одделно, при што, за да се утврди функционалната независност, односот помеѓу заедничкото вложување и неговите владеачките (матичните) претпријатија мора да биде од вистински комерцијален карактер. За таа цел, треба да се покаже дека заедничкото претпријатие ќе го снабдува со стоки или услуги купувачот што најмногу ги цени истите и што најмногу ќе плати и дека заедничкото вложување, исто така, ќе работи со владеачките (матичните) претпријатија врз основа на нормалните комерцијални услови. Во овие околности, односно ако заедничкото вложување се однесува кон своите владеачките (матичните) претпријатија на ист деловен начин како со трети страни, може да биде доволно барем 20% од предвидената продажба од заедничкото вложување да се реализира со трети страни. Сепак, колку е поголем делот од продажбата која веројатно ќе се реализира со владеачките (матичните) претпријатија, толку е поголема потребата за јасен доказ за комерцијалниот карактер на односите.

(97) За утврдување на соодносот помеѓу продажбата на владеачките (матичните) претпријатија и на третите страни, Комисијата ќе ги земе предвид последните финансиски извештаи и бизнис планови. Сепак, особено во случаите каде што не може лесно да се предвиди значителна продажба за трета страна, Комисијата ќе се базира на своите заклучоци според општата структура на пазарот. Оваа структура може да биде релевантен фактор и за оценување на тоа дали заедничкото вложување ќе соработува со своите владеачките (матичните) претпријатија на одредена дистанца.

(98) Овие прашања често се јавуваат во врска со договори за надворешни услуги, каде што

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

претпријатието создава заедничко вложување со давателот на услуги[7] што ќе ги извршува функциите кои претходно биле спроведувани од самото претпријатие. Заедничкото вложување не може да се смета со целосно функционално во овие случаи: кога тоа ги обезбедува своите услуги единствено на претпријатието клиент, а за да ги изврши своите услуги претпријатието зависи од давателот на услуги. Фактот дека бизнис планот на заедничкото вложување често не ја исклучува можноста заедничкото вложување да може да обезбеди услуги на трети страни, не ја менува оваа оценка, бидејќи во типичен договор за надворешни услуги, сите приходи од трети страни, најверојатно, ќе останат како неопходни и директно поврзани за главните активности на заедничко вложување за претпријатието клиент. Сепак, ова правило не го исклучува постоењето на ситуации на надворешно ангажирање каде што партнерите на заедничкото вложување, на пример, заради економиите на обем, формираат заедничко вложување со перспектива на значителен пристап до пазарот. Ова може да го квалификува заедничкото вложување како целосно функционално, ако се предвидува значајна продажба на трети страни и ако врската помеѓу заедничкото вложување и неговите владеачки (матичните) претпријатија ќе биде навистина со комерцијален карактер и ако заедничкото вложување соработува со владеачките (матичните) претпријатија врз основа на нормални комерцијални услови.

*Купување од владеачките (матичните) претпријатија*

(99) Во однос на купувањата од страна на заедничкото вложување од неговите владеачки (матични) претпријатија, карактерот на целосна функционалност на заедничкото вложување е дискутабилно особено кога мала вредност се додава на производи или услуги на ниво на самото заедничко вложување. Во таква ситуација, заедничкото вложување може да биде поблиску до агенција за заедничка продажба.

*Трговски пазари*

(100) Сепак, за разлика од оваа ситуација во која заедничкото вложување е активно во трговскиот пазар и врши нормални функции на трговско претпријатие во таков пазар, истото вообичаено не се смета за помошна агенција за продажба, туку за заедничко вложување со целосна функционалност. Трговскиот пазар се карактеризира со постоење на претпријатија кои се специјализирани во продажба и дистрибуција на производи, без притоа вертикално да се интегрирани покрај оние кои се интегрирани, и каде што различните извори на снабдување се достапни за предметните производи. Покрај тоа, многу трговски пазари може да бараат операторите да инвестираат во одредени објекти, како што се аутлети, магацини, складишта, депоа, возни паркови и персонал за продажба и услуги. Со цел заедничкото вложување да е целосно функционално на трговскиот пазар, тоа мора да ги има потребните објекти и да добива значителен дел од своите набавки не само од своите владеачки (матични) претпријатија, туку исто така и од другите конкурентски извори.

### 4. Одржливо работење (работење на долгорочна основа)

[7] Прашањето според кои околности договорот со претпријатија што нудат надворешни услуги се квалификува како концентрација, е објаснето од точка 23 и следните од овие насоки.

**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

(101) Исто така, заедничкото вложување мора е наменето да работи на долгорочна основа. Дека ова е случај секако покажува фактот дека владеачките (матичните) претпријатија обезбедуваат ресурси за заедничкото вложување како што е опишано погоре. Покрај тоа, договорите за создавање на заедничко вложување често предвидуваат одредени проблеми, на пример, неуспех на заедничкото вложување или значајни несогласувања помеѓу владеачките (матичните) претпријатија. Ова може да се постигне со вклучување на одредбите за евентуално распаѓање на самото заедничко вложување или можноста за едно или повеќе владеачко (матично) претпријатие да се повлечат од заедничкото вложување. Овој вид на одредба не спречува заедничкото вложување да се смета дека работи оддржливо. Истото важи и онаму каде што договорот го одредува периодот за времетраењето на заедничкото вложување, каде што овој период е доволно долг со цел да доведе до трајни промени во структурата на засегнатите претпријатија, или кога договорот предвидува можно продолжување на заедничкото вложување по тој период.

(102) Спротивно на тоа, заедничкото вложување нема да се смета дека работи на долгорочна основа, ако е создадено за одреден краток рок на траење. Ова ќе биде случај, на пример, кога заедничко вложување е основано со цел да се направи специфичен проект како што е изградба на електрична централа, но тоа претпријатие нема да биде вклучено во работењето на централата по завршувањето на нејзината изградба.

(103) Заедничкото вложување, исто така, нема доволно активности на долгорочна основа во фаза кога постојат одлуки од трети лица кои се од суштинско значење за започнување на деловните активности на заедничкото вложување. Во овој случај може да се опфатат само одлуки кои ги надминуваат формалностите и чие донесување е неизвесно. Такви примери се: доделување на договор (на пример, во јавните тендери), лиценци (на пример, во телекомуникацискиот сектор) или пристап до правата на сопственост (на пример, права за истражување на нафта и гас). Бидејќи одлуката зависи од такви фактори, не е јасно дали заедничкото вложување ќе почне да дејствува. Така, во оваа фаза, заедничкото вложување не може да се смета дека ќе ги врши економските функции на долгорочна основа и затоа, не се квалификува како целосно функционално. Сепак, откако еднаш се донесе одлука во корист на конкретното заедничко вложување, овој критериум е исполнет и настанува концентрација[8].

## 5. Промени во активностите на заедничкото вложување

(104) Владеачките (матичните) претпријатија може да одлучат за зголемување на активностите на заедничкото вложување во текот на неговиот животен циклус. Ако ова проширување е поврзано со стекнување на цело друго претпријатие или делови од друго претпријатие од страна на владеачките (матичните) претпријатија, тоа се смета за нова концентрација, за што треба да се поднесе известување, бидејќи само по себе тоа проширување се смета за концентрација, согласно објаснувањето од точка 22 на овие насоки.

(105) Концентрацијата може да настане ако владеачките (матичните) претпријатија

[8] Под услов да се исполнети и другите критериуми наведени во ова поглавје од насоките.

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

пренесуваат значајни дополнителни средства, договори, експертиза или други права на заедничкото вложување и овие средства и права претставуваат основа или јадро на продолжување на активностите на заедничко вложување во други пазари на стоки или географски пазари кои не биле предмет на првичното заедничко вложување, и ако заедничкото вложување ги врши таквите активности врз основа на целосна функционалност. Бидејќи преносот на средства или права покажува дека владеачките (матичните) претпријатија се вистински играчи во проширување на опсегот на заедничко вложување, проширувањето на активностите на заедничкото вложување може да се смета на ист начин како создавање на ново заедничко вложување во смислано на член 12 став (4) од Законот[9].

(106) Ако обемот на заедничко вложување се зголемува без пренос на дополнителни средства, договори, know-how или права, се смета дека нема концентрација.

(107) Концентрација настанува ако има промени во активноста на постоечко заедничкото вложување кое не е целосно функционално, при што со промената се создава одлика на целосна функционалност на заедничкото вложување во смисла на член 12став (4) од Законот. Такви се следните примери: промена на организациската структура на заедничкото вложување, така што таа ги исполнува критериумите за целосна функционалност; заедничко вложување кое се снабдува само од владеачките (матичните) претпријатија, кои потоа започнуваат значајна активност на пазарот, или случаи опишани во точка 103 погоре, при што заедничкото вложување може само да ја започне својата активност на пазарот, откако ги има исполнето основните почетни услови (како што е лиценца за заедничко вложување во телекомуникацискиот сектор). Ваквата промена во активноста на заедничкото вложување често има потреба од одлука од неговите акционери/содружници или неговите органи на управување. Откако ќе се донесе одлуката која води до исполнување на критериумот за целосна функционалност на заедничкото вложување, настанува концентрација.

## V. ИСКЛУЧОЦИ

(108) Член 12 став (5) од Законот утврдува три исклучителни случаи каде што стекнувањето на контролен удел не претставува концентрација согласно Законот.

(109) Прво, стекнувањето на хартии од вредност од страна на претпријатија чии вообичаени активности вклучуваат трансакции и тргување со хартии од вредност за своја сметка или за сметка на трети лица не се смета за концентрација, ако таквото стекнување е направено во рамките на вообичаените деловни активности и ако хартиите од вредност се држат само на привремена основа (член 12 став (5) точка 1) од Законот). За да се примени овој исклучок, мора да бидат исполнети следните услови:

— претпријатието што стекнува мора да биде кредитна или друга финансиска институција или осигурителна компанија чии вообичаени активности се опишани погоре;

— хартиите од вредност мора да се стекнат со цел нивна препродажба;

— претпријатието што стекнува не смее да ги користи правата на глас со цел утврдување

[9] Настан што би поттикнал известување во таков случај ќе биде договор или друг правен акт со кој се предвидувана трансфер на средства, договори, know-how или други права.

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ™ кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

на стратешкото трговско однесување на претпријатието или треба да ги применува овие права само со цел да ја подготви продажбата на целото или на дел од претпријатието, неговите средства или хартиите од вредност;

— претпријатието што стекнува контрола мора да го продаде своето контролно учество во рок од една година од датумот на стекнување, односно, мора да го намали својот акционерски удел во овој период од една година барем на ниво кое не дава право на контрола. Сепак, овој период, може да биде продолжен од страна на Комисијата кога претпријатието што стекнува може да докаже дека продажбата не можела да се оствари во рамките на период од една година.

(110) Второ, не постои промена на контрола, а со тоа нема концентрација во смисла на член 12 од Законот, доколку контролата се врши од страна на застапник на друштвото во стечајна постапка или постапка на ликвидација, односно кај претпријатија основани надвор од Република Македонија од страна на лица кои ја вршат соодветната функција согласно законодавството според кое е основано претпријатието (член 12 став (5) точка 2) од Законот);

(111) Трето, концентрацијата не настанува кога инвестиционите фондови стекнуваат капитален интерес во претпријатија, под услов тие да ги вршат стекнатите права единствено со цел да се задржи полната вредност на нивното вложување и доколку не се врши влијание на конкурентското однесување на претпријатието. Поимот „инвестициони фондови“ се однесува само на оние претпријатија чија единствена цел е да стекнат удели во други претпријатија без директно или индиректно вклучување во управувањето на тие претпријатија, без оглед на нивните права како акционери. Таквите инвестициони фондови мора и понатаму да се структурирани на начин што овие ограничувања може да бидат надгледувани од страна на административен или судски орган. Член 12 став (5) точка 3) од Законот, предвидува дополнителен услов за примена на овој исклучок: таквите инвестициони фондови може да остваруваат право на глас во други претпријатија само за одржување на целосната вредност на тие инвестиции, а не за да се определи директно или индиректно спроведување на трговската стратегија на контролираното претпријатие.

(112) Исклучоците од член 12 став (5) од Законот се применуваат само во многу ограничено поле. Прво, овие исклучоци се применуваат само доколку активноста би била концентрација сама по себе, но не и доколку трансакцијата е дел од единствена поголема концентрација, во околности во кои крајниот стекнувач на контрола не потпаѓа во рамките на условите од член 12 став (5) од Законот (види на пример, точка 32 погоре).Второ, исклучоците предвидени во член 12 став (5) точка 1) и 3) од Законот се применуваат само при стекнување контрола преку купување на хартии од вредност, а не и преку стекнување на средства.

(113) Исклучоците не се применуваат за типичните структури на инвестициски фондови. Според нивните цели, овие фондови обично не се ограничуваат само на остварувањето на правата на глас, туку донесуваат одлуки за именување на членови на управните и надзорните органи на претпријатијата или дури и за преструктуирање на овие претпријатија. Ова не ги исполнува условите од член 12 став (5) точка 1) и 3) од Законот, претптијајтијата кои стекнуваат контрола да не го користат правото на глас со цел да се утврди конкурентското однесување на претпријатијата.

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ™ кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

(114) Може да се постави прашањето дали дадена активност за спасување на претпријатието пред или од стечајна постапка претставува концентрација согласно Законот. Таквата активност за спасување обично вклучува конверзија на постечкиот долг во ново претпријатие, преку која даден синдикат на банките може да се стекне со заедничка контрола на засегнатото претпријатие. Кога таквата активност ги исполнува критериумите за заедничка контрола, како што е наведено погоре, тоа нормално ќе се смета за концентрација. Иако првичната намера на банките е да се преструктуира финансирањето на засегнатото претпријатие во поглед на последователната препродажба, исклучокот утврден во член 12 став (5) точка 1) не се применува за таква активност. На сличен начин како што е наведено за инвестициски фондови, програмата за преструктуирање обично бара од банките кои ја имаат контролата да го утврдат стратешкото комерцијално однесување на претпријатието со потешкотии. Освен тоа, обично не е реално да се смета дека спасеното претпријатие може да се трансформира во ново комерцијално исплатливо претпријатие и да се препродаде во рамките на дозволениот период од една година. Исто така, периодот потребен за постигнување на оваа цел, може да биде толку несигурен што би се создале тешкотии и во однос на добивањето на заклучок за продолжување на наведениот рок.

## VI. НАПУШТАЊЕ НА КОНЦЕНТРАЦИИТЕ

(115) Концентрацијата престанува да постои и Законот престанува да се применува ако засегнатите претпријатија (учесниците во концентрацијата) се откажале од концентрацијата.

(116) Во овој поглед, Законот воведува одредба во врска со затворањето на постапките за контрола на концентрациите без конечно решение, откако Комисијата повела постапка согласнос член 19 став (1) точка 3), последна реченица ,, Во постапката од овој став, Комисијата може да донесе решение соглсно со членот 20 од овој закон, освен ако учесниците докажат дека се откажале од концентрцијата". Овие барања не се применуваат пред започнувањето на постапката.

(117) Генерално, условите за доказ на откажување од концентрацијата мора да одговараат соодветно во однос на правната форма, интензитетот итн. на првичниот акт кој се смета за доволен за да се направи известување за концентрацијата. Ако страните, врз основа на овој првичен акт, одлучат да ги зајакнат своите договорни врски во текот на постапката, на пример, со склучување на обврзувачки договор по поднесеното известување за концентрација, кое било поднесено врз основа на намера за добра волја, барањата за доказ за откажување мора да одговараат и на природата на последниот правен акт.

(118) Во согласност со ова начело, во случај на спроведување на концентрацијата пред Комисијата да донесе решение, треба да се покаже повторно воспоставување на состојбата на *status quo ante.* Самото повлекување на известувањето не се смета за доволен доказ за откажување од концентрацијата во смисла на член 19 став (1) точка 3) од Законот. Исто така, мали промени во концентрацијата која не влијаат на промена во контролата или на квалитетот на таа промена, не може да се смета како откажување од почетната концентрација.

— Обврзувачки договор: потребен е доказ за правно обврзувачко поништување на договорот во форма предвидена со првичниот договор (т.е. се работи обично за документ потпишан од сите страни). Изразите за намерата за откажување на договорот или за неспроведување на

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ™ кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

пријавената концентрација, како и еднострани изјави од (една од) страните, нема да се сметаат за доволни.

— Намера за добра волја за склучување на договор: во случај кога писмо на намера или меморандум за разбирање ја одразуваат намерата за добра волја, потребни се документи со кои се докажува дека оваа намера за добра волја е поништена. Што се однесува до другите можни форми кои укажуваат на намерата за добра волја, напуштањето мора да ја поништи намерата за добра волја и да одговара во однос на формата и интензитетот на првичниот израз на намерата.

— Објавување на оглас за јавен тендер или за намера за организирање на јавен тендер: неопходно е да се објави тендер за крајот на постапката за наддавање или откажувањето од намерата за организирање на јавен тендер. Формата и опсегот на овој оглас мора да се споредливи со првичниот оглас.

— спроведени концентрации: ако концентрацијата се спроведува пред Комисијата да донесе решение, од страните ќе се бара да покажат дека повторно е воспоставена ситуацијата која преовладувала пред да се спроведе концентрацијата.

(119) Страните се тие кои треба да ја доставaт потребната документација за да се исполнат овие барања во соодветен рок.

## VII. ПРОМЕНИ НА ТРАНСАКЦИИТЕ ОТКАКО КОМИСИЈАТА ДОНЕЛА РЕШЕНИЕ ДЕКА КОНЦЕНТРАЦИЈАТА Е ВО СОГЛЕНОСТ СО ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ (РЕШЕНИЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА КОНЦЕНТРАЦИЈАТА)

(120) Во некои случаи, страните може, по одобрување на концентрација од страна на Комисијата да посакаат да не се спроведе концентрацијата во формата која е предвидена. Се поставува прашањето дали одлуката за одобрување на Комисијата сè уште ги опфаќа промените во структурата на трансакцијата.

(121) Општо земено, ако пред спроведувањето на одобрената концентрација, трансакциската структура се менува од стекнување на контрола, што спаѓа под член 12 став (1) точка 2), во спојување согласно член 12 став (1) точка 1) или *vice versa*, тогаш промената во трансакциската структура се смета за различна концентрација според Законот и потребно е доставување на ново известување[10]. Сепак, помалку значајни промени на трансакцијата, на пример мали промени во акционерски/содружнички проценти кои не влијаат на промена во контрола или на квалитетот на таа промена, промени во понудата на цена во случај на јавни понуди или промени во корпоративната структура со која трансакцијата се спроведува без притоа да има влијание врз ситуацијата на релевантна контрола според Законот, се сметаат за опфатени со одлуката за одобрување на

[10]Во такви околности, идентитетот на страните (учесниците во концентрацијата) што поднесуваат известување се менува, при што во случај на спојување, и двете страни (учесници) се должни да поднесат известување, додека во случај на стекнување контрола, само страната (учесникот) која стекнува контрола мора да ја исполни оваа обврска.Од друга страна, ако страните остварат добивање на контрола над целното претпријатие, и дури потоа одлучат да се спојат со новата подружница, тоа ќе се смета за внатрешно преструктуирање кое не предизвикува промена во контролата, и заради тоа не ги исполнува условите од член 12 од Законот.

**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин б.б (6 ™ кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Комисијата.